Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Бр. 0201-469/3-13**
**22.04.2024 година**

Врз основа на член 41 од Законот за заштита на личните податоци („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020, 294/2021) и член 79 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.460/2019 и 460/2023 – Анекс), Деканатската управа на Факултетот на седницата одржана на 22.04.2024 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за определување на овластено лице за заштита на личните податоци

### Член 1

**Доц. д-р Мартин Николовски,** вработен на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, се определува за **офицер за заштита на личните податоци.**

### Член 2

Офицерот за заштита на личните податоци (ОЗЛП) ќе ги врши следниве работи:

- го информира и советува контролорот или обработувачот и вработените на Факултетот за ветеринарна медицина — Скопје кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите со Законот за заштита на личните податоци;
- ја следи усогласеноста со Законот за заштита на личните податоци, со други закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија , како и со политиките на Факултетот за ветеринарна медицина — Скопје или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;
- ги изработува внатрешните прописи за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со членот 39 од Законот за заштита на личните податоци;
- соработува со Агенцијата за заштита на личните податоци;
- одговорен е за контакти со Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи и претходната консултација од членот 40 од Законот за заштита на личните податоци, како и советување според потребите за сите други прашања;



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

- врши и други работи утврдени со закон и со прописите донесени врз основа на законот, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 3**

Офицерот за заштита на личните податоци е должен при извршувањето на своите работи да ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработкатата кај контролорот и одговара пред Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје.

**Член 4**

Офицерот за заштита на личните податоци е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи, во согласност со закон.

**Член 5**

Одлуката со потребните податоци ќе се објави на веб страницата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан,
Проф. д-р Деан Јанкулоски

Доставено до:
1. Доц. д-р Мартин Николовски
2. Агенција за заштита на личните податоци
3. Архива
4. Персонално досие